Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Декември

| *содржини (и поими)* | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Прави разлика помеѓу оригинална творба и репродукција | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците се запознаваат со поимот оригинална творба и репродукција (правење на копија). Се запознаваат со целта. (5 минути)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот подготвува презентација на слики – оригинални творби и репродукции на оригиналните творби.<br>Учениците ги споредуваат сликите и прават разлика помеѓу оригинални дела и копии.<br><br>Ѕвездена ноќ – Ван Гог<br>Оригинална творба<br>Учениците вршат естеска анализа на сликата: Што е мотив на оваа слика? Кои бои ги користел уметникот? Дали во оваа слика уметникот користел различни светлински тонови на боја? ...<br>Наставникот дава краток опис на сликата (На сликата е претставен погледот од прозорецот на собата во санаториумот во кој уметникот престојувал. Сликата е насликана во дневни услови по сеќавање. Сликата претставува рурален пејзаж ноќе, со рамни ридови во позадина – сцена на вознемирено треперење на елементи од природата и човечкиот свет).<br>Грчкиот уметник и електроинженер Петрос Врелис, изработил интерактивна анимација на „Ѕвездена ноќ“, едно од најпознатите дела на Винсент ван Гог. Оваа некласична репродукција е проследена и со | аудио-визуелни средства (ЛЦД проектор, компјутер, смарт табла).<br>презентација на слики<br>средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, пастел, палета). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пријатна музика. (https://vimeo.com/petrosvrellis)<br>Наставникот покажува слика од македонски сликар, а учениците вршат естетска анализа на сликата:<br><br>Поле со афиони – Лазар Личеноски<br>Оригинална творба<br>Што е мотив на оваа слика? Кои бои ги користел уметникот? Дали се употребени основни или секундарни бои? ...<br>Наставникот дава краток опис на сликата (На сликата е претставена Пејзаж со афионови насади. Во предниот дел е претставена нива со зрели афионови растенија. Во долниот дел слободно се претставени лисјата и стебленцата – насликани со слободни и брзи потези, а на горниот дел многу цутови на афионовите растенија. И афионовите цветови се слободно насликани со брзи и енергични потези со четката. Во позадината се чувствува далечина на поле, кое завршува во подножјето на планината. Планината е од едниот крај на сликата до другиот, како што е и нивата со афионовиот насад. Небото е светло и го најавува раниот чист убав спокоен летен ден. Сликата е весела, полна со живот и воспевање на раскошот на природата)<br>Учениците создаваат репродукција на сликата на Лазар Личеноски „Поле со афиони“. При тоа вршат избор на материјали и техники кои ќе ги користат. (25 мин.) | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат сликите (репродукции на слика), ги разгледуваат и анализаат истите во однос на користење на материјалите и техниките. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? Дали правите разлика меѓу оригинално дело и репродукција?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | | |

„

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Декември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Дизајн и визуелни комуникации- средства, материјали, техники, постапки и елементи: (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естретска проценка) | Изработува украси, честитки, накит, украсни предмети од амбалажи и оригами. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ја слушаат песната: „Роденденската песна на Биби“ https://www.youtube.com/watch?v=GSFYdSy7edw<br>Преку техниката **Бура на идеи** учениците се искажуваат по поимот „Роденден“, запишан на табла. Секој исказ на учениците се запишува. Акцент се става на поимот **Подарок** и каков подарок добиваме за роденден. Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Пред учениците се поставени различни материјали: хартија, хартија во боја, молив, фломастери, накит, фотографии, амбалажи. Учениците бираат материјали кои ќе ги користат за изработка на роденденски подарок за своето другрче, користејќи форма, боја, големина и простор.<br>- Дизајнираат роденденска честитка за своето другарче.<br>-Изработуваат украси, накит, украсни предмети. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат своите изработки, ја пеат песната „Роденденската песна на Биби“ и се движат по истата.(7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | хартија, хартија во боја, молив, фломастери, накит, фотографии, амбалажи<br>табла<br>маркер<br>аудио-визуелни средства (ЛЦД проектор, компјутер) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (печатење, дизајн и визуелни комуникации);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Декември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците следат презентација подготвена од наставникот на тема „Зима“. Додека ги следат сликите од презентацијата се става акцент на: контрастот на бои (бои кои не се содржат една во друга, употребата на темни и светли бои во една творба), тонската градација (постепено менување на тонот, количеството на светлина во една боја), просторот (она што не опкружува), текстурата (сликање на површината на некоја материја) и ритамот (повторување на ликовните елементи едно по друго). Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците сликаат на мотив „Зима“, со молив, темпера/гваш, пастел само бела, сива и црна, користејќи тон, простор, контраст, ритам и текстура. За ликовната композиција се употребуваат ладни бои (зелена, сина и виолетова) и ахроматски бои (бела и црна). (22 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат ликовните творби, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на употребата на ладните и ахроматските бои и ликовните елементи кои се користени во сликањето. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Која активност ви беше најинтересна? Кои бои ги користевте додека сликавте? ...<br>(Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, пастел, палета).<br>видео презентација<br>комјутер<br>проектор | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Декември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Слика по доживеано или фантазија | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Преку техниката **Минута размислување** учениците набројуваат што изразуваме кога содаваме ликовно дело (мисли, идеи, чувства, ставови). Нашите мисли, идеи, чувства, ставови можат да бидат плод на нашата фантазија, или пак поттикнати од нешто што сме го виделе. Учениците одговараат на прашањата:<br>Што е цртање по набљудување? (Кога цртаме нешто што во тој момент го гледаме, при тоа претставувајќи ги сите детали кои ги забележуваме).<br>Што е цртање по сеќавање? (Кога цртаме нешто што сме го виделе претходно, при тоа претставувајќи ги деталите на кои можеме да се сетиме).<br>Што е цртање по фантазија? (Создавање на цртеж кој е плод на нашата фантазија каде што точноста нема никаква улога, односно можеме да нацртаме нешто што никогаш не сме го виделе). Се запознаваат со целта. (7 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се седнати во круг. Наставникот им вели да ги затворат очите, да го слушаат гласот на наставникот и да тргнат на едно невообичано патување со своите мисли.<br>...Седиме на нашите „волшебни столчиња“. Спремни сме да тргнеме на нашето патување. Го отвараме прозорецот од училницата. Полетуваме. Излегуваме надвор. Го гледаме училиштето, нашите другарчиња како играат во дворот. Одеднаш се вивнуваме високо, високо .... Каде сме? Со што сме опкружени? Што гледаме околу нас? ...<br>Учениците сликаат на мотив „Ф**антазија“. К**омбинираат различни материјали и техники. Со група ученици може да се вклучи и компјутерот како средство. Сликата се создава според доживеан настан или фантазија. (Сликата направена на комјутер се печати). (23 мин.) | средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, хамер хартија, темперни бои, пастел, туш во боја, палета, хартија во боја).<br>компјутер<br>печатач | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат ликовните творби, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на употребата на материјалите и техниките. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Која активност ви беше најинтересна? Дали беше полесно да создадете ликовно дело по фантазија или по доживеан настан? Кои материјали и техники ги употребивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |


resursi.literatura.mk